**По 17 години пауза од денеска до 4 јули по Вардар од Велес до Гевгелија ќе се одвива 11 Вардарска регата, што ја организира Општина Велес, преку Сојузот на спортови на градот.**

Регатата стартува утрово пред споменикот на Гемиџиииите во Велес. Вардарската регатата се одвива со пет големи чамци, еден маестрал, пет кану и една гемија или дрвен сплав во спомен на Гемиџиите или Солунските атентатори во чија чест се одржува Вардарска регата.



Регатата ќе плови четири дена и во тој период учесниците три пати ќе логоруваат во шатори и тоа во Стоби, Демир Капија и Марвинци. Регатата свечено ќе биде затворена во недела во 12 часот во Гевгелија.

На Вардарската регатата има околу 70 учесници, кајакари од четирите кајакарските-кану клубови од Велес, „Вила Зора“, „Бабуна“„Вардар“ и „Гемиџии 2008“, како и претставници на Црвениот крст, АРМ, МВР и Дирекцијата за заштита и спасување.